## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА УЧЕБНО ПОМАГАЛО „ПРАКТИКУМ ПО ПРЕТКЛИНИЧКА ПАРОДОНТОЛОГИЈА" ОД ПРОФ. Д-Р АНА МИНОВСКА И М-Р Д-Р МИХАЈЛО ПЕТРОВСКИ, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"– ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствени основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип, како и Одлуката бр.2502-121/34 од 117. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 19.5.2014 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Мирјана Поповска, редовен професор на Стоматолошки факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, специјалист по болести на устата и пародонтот;
– проф. д-р Обрад Зелиќ, редовен професор во пензија на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Белград, специјалист по болести на устата и пародонтот за рецензија на приложениот ракопис „Практикум по претклиничка пародонтологија" од проф. д-р Ана Миновска и м-р д-р Михајло Петровски, наменет за студентите на прв циклус додипломска настава на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот**

Ракописот „Практикум по претклиничка пародонтологија" од проф. д-р Ана Миновска и м-р д-р Михајло Петровски е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Претклиничка пародонтологија во делот практична настава кој се изучува на студиите од првиот циклус додипломска настава на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, во VIII семестар со 2+1 неделен фонд на часови и 3 кредити.

Ракописот кој е доставен е комплетно оформен материјал наменет за студентите со кој овој кадар полесно и поефикасно ќе ја совлада предметната материја, која е усогласена според концептот на предметната програма и ЕКТС системот.

**Податоци за обемот на ракописот**

Ракописот, кој е организиран како учебно помагало т.е. практикум наменет за предметот Претклиничка пародонтологија е образложен во текстуален облик со вкупно 127 страници, богато илустриран со 103 слики и 6 табеларни прикази. Ракописот е приложен во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Times New Roman со македонска поддршка и со големина на буквите 12. Тој е подготвен според апострофираните стандарди, а обемот на содржината ги задоволува критериумите според бројот на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на ист или сличен наслов**

Досега, на овие простори не постоеше учебник со ваква содржина, наменет за студентите по дентална медицина.

Овој ракопис е резултат на долгогодишна и темелна работа на авторите и консултација на обемна стручна и научна литература. Досегашната литература со која се користеа студентите за изучување на овој предмет кај нас и во нашата најблиска околина беше прилично оскудна, несоодветна и недоволно организирана, оттука се појави потреба за

издавање учебник кој ќе ја офати материјата наменета за овој предмет, а која структурно ќе ја обработи според предложената програма. До доставување на овој ракопис не постоеше литература која студентите ќе ја користат при изучување на материјата по практичната настава од предметот Претклиничка пародонтологија.

Издавањето на ова учебно помагало ќе го олесни совладувањето на методските единици, задржувајќи се на практичниот аспект на предметот, истовремено воведувајќи го студентот постепено во клиничките сфери на едно од најчестите заболувања во усната празнина - пародонталната болест. Учебното помагало „Практикум по претклиничка пародонтологија" може да биде сериозна дополна на литературата на дипломираните доктори по дентална медицина и да послужи како литература за совладување на одредени сегменти од оваа област кај студентите на постдипломски и специјалистички студии.

Авторите, проф. д-р Ана Миновска и м-р д-р Михајло Петровски на едноставен начин и со јасен стил близок до оние за кои е наменет ја приложуваат обработената материја која претставува фундамент на клиничката пародонтологија. Своето теоретско излагање го поткрепиле со илустрации, слики и табели кои претставуваат сублимат на теоретскиот прилог и воедно краток потсетник за клучните збивања кои се неопходни за создадавање целина во изучување на материјата од оваа област.

**Краток опис на содржината**

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Целокупната материја генерално е распределена во 12 поглавја организирани под форма вежби. Секоја вежба е многу вешто поделена на два сегменти, прв дел кој е наменет за апсорбирање теоретски знаења и втор дел оформен како проверка на знаењето каде студентите на поставените прашања треба да одговорат. На овој начин се заокружува целината на секој сегмент.

Во првото поглавје кое е насловено како Анатомија на пародонталните ткива детално е објаснето на 12 страници без литературниот преглед се опишани анамските карактеристики на пародонтално ткивниот комплекс. Поглавјето е богато илустрирано со 20 слики и цртежи и 1 шематски приказ. Во него темелно и прецизно се опишани главните особености на пародонциумот, вклучувајќи ги гингивата, периодонциумот, алвеоларната коска и цементот. На цементот како високоминерализирано ткиво кој го покрива коренот на забот е посветен доволен простор и внимание. Преку податоците кои се изнесени, а се однесуваат на цементот, сите корисници на ова помагало ќе разграничат што е ацелуларен, а што целуларен цемент, која е дебелината на цементот во различни делови од коренот и дефинитивно која е неговата функција. Периодонциумот е обработен во детали гледано од анатомски агол. Посветено е внимание на неговата структура, направено е разграничување помеѓу биолошката и физиолошката ширина и многу суптилно се обработени колагените влакна кои учествуваат во неговата градба, делејќи ги во групи според нивната поставеност. Поглавјето завршува со анатомска анализа на алвеоларната коска, како битен дел од пародонтално-ткивниот комплекс.

Во поглавјето Хистологија на пародонталните ткива т.е. второто поглавје се опишани хистолошките обележја на маргиналниот пародонциумот. На суптилен начин се разграничени различните особености на сулкусниот, припојниот и оралниот епител.

Посебно место во ова поглавје им припаѓа на хистолошките карактеристики на цементот, алвеоларната коска и периодонциумот. Во ова поглавје се приложени слики од хистолошки препарати, но и цртежи кои ја дообјаснуваат теоретски изложената материја. Поглавјето Хистологија на пародонталните ткива брои 19 илустрирани прикази.

Во третото поглавје именувано како Етиологија на пародонталната болест, кое е обработено на 9 страници, и дообјаснето на 10 слики и цртежи, централно место му припаѓа на денталниот плак. Авторите со големо искуство и вештина успеале овој локален етиолошки фактор да го опишат со сите негови основни карактеристики. Посебно внимание им е посветено на микроорганизмите, раните и доцните колонизатори и нивната улога во патогенезата на болеста. Не е запоставен ниту процесот на формирање на плакот со посебен осврт кон фазата на зреење, класификација на плакот и сите партиципирачки фактори во процесот на неговото создавање.

Четвртото поглавје или Класификација на пародонтална болест е изложено на 11 страници. Започнува со парадигма за клиничките карактеристики на пародонталната болест, продолжува со парадигма за концептот на класичната патологија и завршува со парадигма на инфективната етиологија на болеста. Ова поглавје е посветено на класификација на пародонталната болест, во кое авторите ја примениле најновата поделба и ја приложиле најсовремената класификација на болеста. Простор е одделен за плак индуцираните гингивити, хроничната, агресивната и улцеронекрозната пародонтопатија.

Во следното (петто поглавје) т.е. Индексни системи на пародонтална болест, авторите ги изложиле своите ставови по однос на квантитативните и квалитативните проценки за состојбата на пародонтот. За таа цел ги посочуваат индексите. Детално, прецизно и многу успешно се објаснети индексот на дентален плак, симплифицираниот ОХИ индекс, крвавење по сондирање, гингивален индекс, крвавење од гингивалниот сулкус, интерденталната папила и крвавење по четкање. Со цел полесно совладување на индексите, авторите каде што воочиле потреба од дообјаснување приложиле шема и упатство како да се одредуваат овие индексни вредности. Во ова поглавје тие цитирале индекси кои досега не се применувани во оваа патологија, а се широко користени во нашата најблиска и подалечна околина.

Шестото поглавје е именувано како Дијагностика на пародонталната болест -сондирање. Авторите осврнувајќи се на најновите светски литературни податоци го објаснуваат најважниот дијагностички метод кај пародонталната болест. Започнувајќи од основите базични постулати за сондирањето и неговата дијагностичка важност, тие на крај завршуваат со најновите модалитети на сондирање широко користено во светот. Во ова поглавје посебно го посочуваат фактот дека сондирањето е единствен полноважен метод во откривање на пародонталните џепови. Во продолжение ги опишуваат и разграничуваат стоматолошките и пародонталните сонди како важен факт што треба да го познава секој студент, а перспективно и секој стоматолог. Материјата е обработена на 12 страници и дообјаснета со богат илустриран сликовит приказ.

Вежба седум (поглавје седум) или таканаречената Инструменти за обработка на пародонтални џепови е една од најважните вежби за секој студент. Знаејќи го овој податок авторите целото свое знаење, мудрост и вештина ги посветиле токму на ова поглавје. Материјата е обработена и приложена на 17 страници. Поглавјето започнува со набројување на инструментите кои се користат во пародонтологијата, прецизно објаснувајќи ги составните делови.Генерално, инструментите ги поделиле во повеќе групи: инструменти за дијагностицирање, инструменти за отстранување на субгингивални конкременти, инструменти за обработка на пародонталните џепови. Секако, кога станува збор за инструменти за обработка на пародонталните џепови се опишани и објаснити инструментите за обработка на тврдиот и мекиот ѕид. Авторите своето знаење го искористиле да го објаснат и начинот на нивната примена.

Поглавје осум ја обработува *Медицинската анамнеза кај пациенти со пародонтална болест*. Во ова поглавје авторите си поставиле задача да ги посочат најбитните елементи во медицинската анамнеза, чие совладување е од неопходно значење за пародонталната болест. Имено, тие го апострофираат фактот дека успешноста на терапијата примарно зависи од точноста на дијагнозата. На десетте страници на кои се зборува за медицинската анамнеза, авторите ги посочуваат групите заболувања кои имаат влијание врз пародонталната болест на кои секој иден стоматолог треба да обрне внимание. На таков начин поврзаноста помеѓу точно поставена дијагноза и успешна терапија ќе биде задоволена.

Следното поглавје, т.е. поглавје девет е посветено на *Стоматолошката анамнеза*. Авторите го потенцираат фактот дека покрај медицинската анамнеза и стоматолошката е од есенцијално значење во поставување дијагноза. Во овој сегмент посебно внимание се посветува на главните тегоби, болката, чувствителноста и другата субјективна симптоматологија.

На страниците кои следат т.е. десеттото поглавје е приложен *Приодот на студентот кон пациентот при анамнестичкото следење*. За таа цел авторите приготвиле табеларен приказ во кои се извлечени најбитните компоненти на кои треба да се обрне неопходно внимание. Авторите преку оваа многу конструктивна и успешна идеја очекуваат

дека добиените податоци ќе бидат искористени и имплементирани во дефинитивното поставување на дијагнозата.

Единаесеттото поглавје наречено *Делување на оклузалните сили* е всушност следната тема во овој ракопис. Во ова поглавје во детали е објаснето делувањето на оклузалните сили врз пародонтот и неговите ефекти. На почетокот авторите се задржуваат на физичките закони за делување на силите, посветувајќи внимание на правецот на делување, јачината, времетраењето и честотата на силите. Всушност, токму тука најважен сегмент е описот на трауматската оклузија, започнувајќи од дефинирање на поимот, посочувајќи ги причините, па се до објаснување на примарниот и секундарниот оклузален трауматизам. Во ова поглавје не се заборавени ниту ефектите од недоволната оклузија, како сериозна причина за појава на пародонталната болест. Како посебен ентитет се објаснети и лошите навики и нивните реперкусии врз пародонтално ткивниот комплекс. Текстуално обработената материја е дообјаснета со одреден број на сликовити прикази-цртежи кои се неопходни за полесно совладување на материјата која е обработена на девет страници.

Пародонталните индекси и рендген дијагностиката како важни компоненти во претклиничката пародонтологија се обработени на последните 12 страници од овој ракопис т.е. во вежба 12. т.е. дванаесетото поглавје. Всушност, ова поглавје е поделено на два блока од кои првиот се однесува на пародонталните индекси, кои се многу важни елементи од дијагностичко терапевтски и прогностички аспект и вториот блок кој е идентично битен, а се однесува на рендген аналитиката и нејзината улога во пародонталната болест.

Осврнувајќи се кон сите сегменти на овој ракопис, впечатокот е дека тој ја постигнал својата главна цел - студентите со леснотија да ги совладаат основите принципи во пародонтологијата, успешно да се справуваат со претклиничките вештини кои се всушност сериозен вовед во клиничкиот сегмент.

Ракописот од авторите проф. д-р Ана Миновска и м-р д-р Михајло Петровски претставува една добро обработена целина распределена во дванаесет логични сегменти, која на студентите им е претставена многу стручно, а сепак едноставно со кој се задоволени предусловите за лесно меморирање на материјата од претклиничка пародонтологија..

На крајот од овој ракопис е цитирана е литература од понов датум од светски размери.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за учебното помагало - практикум „Практикум по претклиничка пародонтологија" од проф. д-р Ана Миновска и м-р д-р Михајло Петровски е целосно адаптиран според наставната материја предвидена во Програмата за практична настава по предметот Претклиничка пародонтологија за студентите на првиот циклус студии по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Со многу искуство, вешто, прецизно, со јасен и едноставен јазик и многу достапен стил авторите успеале да ја доближат материјата до оние за кои е наменета. Со издавањето на овој практикум се остваруваат две битни цели: студентите од стоматологија ќе имаат можност да ги совладаат основите на претклиничката пародонтологија, како и полесно и постепено да се воведат во клиничкиот сегмент на пародонтологијата. Исто така, тие ќе успеат да ги изучуваат темелите на пародонтологијата на македонски јазик, што доскоро беше невозможно. Авторите- наставниците преку овој учебник ќе ја остварат основната задача да обезбедат литература со која ќе го едуцираат кадарот и ќе придонесат во развојот на оваа гранка на стоматологијата на еден прогресивен начин. Посебно за одбележување е дека со овој практикум, предметот Претклиничка пародонтологија е комплетно покриен од теоретски и практичен аспект. Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало-практикум и условите за издавање, пропишани според Правилникот за единствените основни остварувања на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Рецензентската комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки ракописот „Практикум по претклиничка пародонтологија“ од проф. д-р Ана Миновска и м-р д-р Михајло Петровски да биде издаден како учебник за студентите по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип.

**Р Е Ц Е Н З Е Н Т И**

**Проф. д-р Мирјана Поповска,**
**професор на Стоматолошкиот факултет**
**при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје,**
**специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**
**Проф. д-р Обрад Зелиќ,**
**професор на Стоматолошкиот факултет во Белград,**
**Србија, специјалист по болести на устата и пародонтот, с.р.**